**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. „Св.Кирил и Методиј„ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

Бр: 04-191/15
Скопје: 04.07.2025

Врз основа член 10 од Законот за административни службеници ("Службен весник на РМ" број 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018 и „Службен весник на РСМ„ бр.275/19,14/20, 215/21, 99/24 и 208/24) и член 124 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 65/18), Претседателот на Комисијата за заштита на конкуренцијата на ден 04.07.2025 година донесе:

# О Д Л У К А

за поништување на одлука за избор на кандидат по пат на интерен оглас и огласување на истата за ништовна

(1) Се поништува Одлуката број 04-191/13 од 25.06.2025 година за избор на кандидатот Валентина Николова за унапредување по пат на интерен оглас број 01/2025 со архивски број 04-191/2 од 05.06.2025 година и истата се огласува за ништовна
(2) Одлуката од став (1) се поништува во целост.
(3) Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Комисијата за селекција за унапредување на ден 25.06.2025 година направи административна селекција со увид во веродостојноста на прилозите доставени од страна на пријавениот кандидат Валентина Николова, изготви Записник за административна селекција број 04-191/7 од 25.06.2025, Записник од спроведено интервју број 04-191/8 од 25.06.2025 и изработи Финална ранг листа за интервјуирани кандидати.

Врз основа на Финалната ранг листа генералниот секретар на Комисијата за заштита на конкуренцијата донесе Одлука за избор на лицето Валентина Николова за работно место Државен советник од областа на заштитата на конкуренцијата.

На ден 04.07.2025 година лицето Валентина Николова достави изјава бр.04-191/14 со која бара да се проверат податоците за нето плата за работното место Државен советник од

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**Ул. „Св.Кирил и Методиј„ бр. 54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk** e-mail: **kzk@kzk.gov.mk**

областа на заштитата на конкуренцијата и доколку нето платата за тоа работно место би изнесувала помалку од 60.000.00 денари, Комисијата да смета дека нејзината пријава по огласот 01/2025 е повлечена.

Во прилог е доставена пресметка за нето плата за работното место Државен советник од областа на заштитата на конкуренцијата и истата би изнесувала 56.484.00 денари што е помалку од нето плата што ја зема за работно место раководител на сектор за анализа и оценка на концентрации на кое е моментално распоредена. Со ова се констатира дека пријавата на лицето Валентина Николова по интерниот оглас 01/2025 е повлечена.

Со поништување на одлуката бр 04-191/13 од 25.06.2025 година и со огласување на истата за ништовна се оневозможуваат правните последици што би ги произвела донесената одлука, па оттука се одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

Правна поука: Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Комисијата на Агенцијата за администрација за одлучување по жалби и приговори на административни службеници во втор степен во рок од 8 дена од приемот на решението.

**Претседател**

**Комисија за заштита на конкуренцијата**
**М-р Малинка Сиљановска Николиќ**

**Доставено до:**
-Одделение за стручно административни работи и човрчки ресурси
-административен службеник
-архива